Соопштение за јавноста
за одржана седница на ден 20.09.2024 година

На втората седница одржана на ден 20.09.2024 година, со почеток во 10.30 часот, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно објавениот дневен ред, го усвои записникот од првата седница на Советот на јавните обвинители, донесе одлука за номинирање на член на Етичкиот совет на јавните обвинители и член на Националното координативно тело за имплементација на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, донесе одлука за дополнување на годишниот распоред за работа на Советот, така што членот на Советот Марјана Илиевска се именува за координатор на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје.

Понатаму на седницата се разгледуваа и се одлучуваше по дисциплинските предмети СОЖ бр. 2/20 и СОЖ бр.1/24. Притоа, се донесе едногласна одлука да јавноста биде исклучена при реферирањето и разгледување на предметите, а одлуките и по двата предмети беа донесени во присуство на јавноста, така што јавно се изврши гласање по предлозите.

Имено, по однос на предметот СОЖ бр. 2/20, Советот на јавните обвинители донесе одлука да се уважат жалбите на јавниот обвинител во ОЈО Берово - Златко Биковски и јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје - Јован Цветановски, така што по повод жалбите и по службена должност, за јавниот обвинител во ОЈО Берово - Златко Биковски, поранешниот јавен обвинител во ОЈО Скопје - Гордана Гешкоска и јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје – Јован Цветановски, решението на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција А бр.03-521/32 од 12.06.2020 година да се преиначи и да гласи:

СЕ ЗАПИРА дисциплинската постапка против јавниот обвинител во ОЈО Берово Златко Биковски и јавниот обвинител во ВЈО Скопје Јован Цветановски поради постоење на околности кои го исклучуваат водењето на дисциплинска постапка – ненавременост на предлогот за поведување на дисциплинска постапка.

СЕ ЗАПИРА дисциплинската постапка против поранешниот јавен обвинител во ОЈО Скопје Гордана Гешкоска поради постоење на околности кои го исклучуваат водењето на дисциплинска постапка – престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на условите за староснa пензија.

Во однос на жалбите на Јавниот обвинител на РСМ и поранешниот јавен обвинител во ОЈО Скопје Гордана Гешкоска се утврди дека се беспредметни.

По однос на предметот СОЖ бр.1/24, Советот на јавните обвинители донесе одлука да се одбие како неоснована жалбата на Расим Дреца - јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје и да се потврди решението за изрекување дисциплинска мерка, А бр. 03-407/25 од 26.01.2024 година на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавно обвинителската функција, а со која јавниот е огласен за одговорен за сторена тешка дисциплинска повреда од чл.91 алинеја 8 од Законот за јавното обвинителство и му е изречена дисциплинска мерка - намалување на месечната плата во висина од 30% од исплатена нето плата во траење од 6 месеци.

Советот на седницата под точка разно ги извести присутните дека е во тек изработка на нова веб-страница на Советот на јавните обвинители и се очекува во најскоро време истата да биде достапна на јавноста, заради подобро информирање и транспарентност на работата на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.